**20232444298**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 127 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21 и 89/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 ноември 2023 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ЛИЧНОСТИТЕ И ОБЈЕКТИТЕ ШТО СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ, ВИДОВИТЕ НА МЕРКИ И АКТИВНОСТИ И СТЕПЕНИТЕ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Член 1

Во Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр.56/14 и 161/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.267/19), во член 4 во ставот 3 по зборот „децата“ се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9449/7
14 ноември 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.